**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4455 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот на изборното медиумско претставување во периодот од 2 до 11 септември 2016 година, опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 19 часот и 30 минути на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија – МРТ1, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 3 часа 47 минути и

53 секунди (3 часа 43 минути и 19 секунди претежно информативни жанрови и 4 минути и 34 секунди аналитички жанрови).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ1 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:57:51 | 25,90 % |
| СДСМ | 00:16:43 | 7,49 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:14 | 4,13 % |
| Влада на РМ | 00:30:24 | 13,61 % |
| ДИК и други органи | 00:02:17 | 1,02 % |
| Собрание на РМ | 00:05:22 | 2,40 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:42 | 0,31 % |
| Без субјекти | 00:27:40 | 12,39 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:23:18 | 10,43 % |
| Граѓански сектор | 00:08:25 | 3,77 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:29 | 1,56 % |
| Локална самоуправа | 00:02:18 | 1,03 % |
| Судство | 00:03:47 | 1,69 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:53 | 2,19 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:18 | 0,58 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:00 | 1,34 % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:24 | 5,55 % |
| Демократски сојуз | 00:00:32 | 0,24 % |
| Претседател на РМ | 00:05:05 | 2,28 % |
| Левица | 00:00:32 | 0,24 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:23 | 0,62 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:50 | 0,37 % |
| Привремена комисија | 00:01:06 | 0,49 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:46 | 0,34 % |
| | **Вкупно: 03:43:19** | **100** % |

Во овој календарски период изборот на темите и на новинарскиот пристап во континуитет главно беше диктиран од неколку настани со широко општествено-политичко значење што сепак не беа стриктно поврзани со потреба од медиумско претставување партиски политички активности. Имено, во фокусот беа - почетокот на учебната година, организацијата и реализацијата на низа свечености поврзани со чествувањето на „8 Септември", денот на независноста на Република Македонија, протоколот и прогласувањето на скопјанката Мајка Тереза за светица, именувањето нов шеф на Делегацијата на ЕУ во Македонија, но, и два настана од т.н. „црна хроника" – сообраќајна несреќа на автобус со македонски туристи во Турција, и авионска несреќа во скопско – настани што ги ангажираа структурите на МВР и на МНР, па оттаму и високиот статистички процент на времето отстапено за соодветна реакција на Владата на Република Македонија. Доминантна тема во вестите од 11 септември, последниот ден од десетдневниот мониторинг, беа земјотресите во регионот на Скопје и на скопско, па оттаму зголемениот процент време за новинарски прилози со изјави на граѓани (методолошки кодирани како „*без субјекти*", оти не се носители на организиран облик општествено-политичка содржина), и на експерти за сеизмологија и за урбанизам (кодирани - или како „*експерти*" или како „*други субјекти*", во зависност од медиумското претставување на нивната општествена (не)официјална позиција).

Содржинскиот опсег на овие теми и настани, што ги поврза интересите на македонската и на меѓународната јавност, го диктираше изборот доминантно на информативните (фактографски) новинарски жанрови – вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, но, иако поретко, пред сè поради подготовката на пригодните свечености, евидентирани се и жанровите – осврт и портрет на јавно етаблирана личност (како претежно документаристички подвидови на аналитичкиот жанр – коментар), чија основна карактеристика е – рекапитулација, било на биографски било на историски околности, важни за вреднување различни аспекти од актуелниот општествено-политички живот. Во оваа смисла, десетдневниот мониторинг евидентираше два, неутрално интонирани осврта, насловени: „*Септември го гори џебот на родителите*“ (2 мин. 18 сек), и „*Експертите за новиот ЕУ амбасадор Жбогар*“ (2 мин. 16 сек.).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| 22. Влада на РМ | 00:08:31 | 13,96 | % |
| 04. СДСМ | 00:09:15 | 15,16 | % |
| 03. ВМРО ДПМНЕ | 00:02:03 | 3,36 | % |
| 194. Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:25 | 2,32 | % |
| 26. Други субјекти | 00:16:55 | 27,73 | % |
| 24. Претседател на РМ | 00:01:41 | 2,76 | % |
| 187. Специјално обвинителство | 00:00:22 | 0,60 | % |
| 192. Граѓански сектор | 00:01:42 | 2,79 | % |
| 21. ДИК и други органи | 00:00:28 | 0,77 | % |
| 23. Собрание на РМ | 00:01:23 | 2,27 | % |
| 31. СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:11 | 0,30 | % |
| 28. Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:55 | 12,98 | % |
| 25. Локална самоуправа | 00:00:20 | 0,55 | % |
| 190. Судство | 00:00:40 | 1,09 | % |
| 14. ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:07 | 0,19 | % |
| 193. Експерти/аналитичари | 00:06:27 | 10,57 | % |
| 202. Левица | 00:00:22 | 0,60 | % |
| 209. Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:22 | 0,60 | % |
| 188. Министри/заменици од СДСМ | 00:00:24 | 0,66 | % |
| 33. ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:27 | 0,74 | % |
| | **Вкупно = 01:01:00** | **100** | **%** |

Во однос на известувањето што би требало да оди во прилог на медиумско прикажување плуралитет политички партиски ставови за дневни теми и настани, забележливо е дека Првиот програмски сервис на Македонската телевизија се ограничи главно на - вести, извештаи и соопштенија од партиските активности на опозицискиот СДСМ и на владејачката ВМРО ДПМНЕ. Но, во првите десет дена од мониторингот важно е да се истакне забелешката дека - во случаите кога активностите на СДСМ или на некоја друга опозициска партија беа насочени кон критичко апострофирање на бавното темпо за ревитализација на поплавените подрачја во скопско, (не)ажурноста на локалната самоуправа, или пак, кога од различни причини ја доведуваа во прашање безбедноста на статиката на некои новоградби од проектот „Скопје 2014“, тогаш новинарите ги адресираа овие дилеми кон прецизно именувани, соодветни државни институции, органи на државната управа и јавни претпријатија, а не нужно кон партиски реплики од владејачката ВМРО ДПМНЕ. На тој начин, до извесен степен дојде до израз повеќекратната опозициска улога на демократски коректив на власта,

посебно во домените на социјалната и на финансиската политика, и се направи конструктивен новинарски обид да се нијансира црно-белата, биполарна претстава за партиските активности, за димензиите на политичката дебата во Собранието, и за општествено-политичкиот живот, воопшто.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

На 3 септември, во рамките на редовното, саботно утринско издание на емисијата „Добра земја", чија целна група се земјоделците, емитувано е десетминутно интервју со Ванчо Костадиновски, заменикот министер за земјоделие, шумарство и водостопанство. Покрај тековната владина политика во однос на сезонските аграрни зафати, двете главни теми на интервјуто беа – санирањето на штетите од поплавите во скопско и откупната цена на грозјето. Емисијата е репризана на 6 септември (понеделник), во период пред почетокот на забавно-информативната емисија „Македонија наутро".

Премиерно на 6-ти, а репризно на 7-ми и на 9-ти септември, во различни програмски периоди, емитувана е дебатната емисија „Од наш агол", во која Љубомир Костовски и Цветин Чилиманов, членови на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, ги претставија сопствените гледишта за она што воведниот прилог во дебатата накусо го именуваше како - „100 дена медиумски мониторинг".

***Сектор за програмски работи***